**20220670778**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЖИВЕАЛИШТЕТО И ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕТО НА ГРАЃАНИТЕ (*)

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните (*),

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 16 март 2022 година.

Бр. 08-1275/1
16 март 2022 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЖИВЕАЛИШТЕТО И ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕТО НА ГРАЃАНИТЕ (*)

Член 1

Во Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните („Службен весник на Република Македонија“ број 36/1992, 12/1993, 43/2000, 66/2007, 51/11, 152/15 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 302/20), во член 3-а во ставот 1, по првата реченица се додава нова реченица, која гласи:

„Барањето со потребната документација може да се поднесе и во електронска форма преку квалификувана електронска препорачана достава со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.“.

Во ставот 2 по првата реченица се додава нова реченица, која гласи:

„Решението може да се издаде и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на граѓанинот на Националниот портал за електронски услуги или преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса наведена од подносителот на барањето, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

---

* Со овој закон се врши усогласување со Регулативата (ЕУ) бр. 910/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 23 јули 2014 година за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции на внатрешниот пазар и за укинување на Директива 1999/93/ЕЗ, CELEX бр.32014R0910

Во ставот 3 точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги, во рок од осум дена од поднесувањето на решението.“.

Член 2

Во член 5 по ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:

„Кога граѓанинот користи услуги за сместување во угостителски, туристички претпријатија, студентски домови, интернати, односно други правни лица кои вршат таква дејност, пријавувањето може да се изврши преку профилот на правното лице на Националниот портал за електронски услуги или преку квалификувана електронска препорачана достава, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Кога граѓанинот користи услуги за сместување кај лица кои даваат услуги на сместување, пријавувањето може да се изврши и со пријава во форма на електронски документ доставена преку квалификувана електронска достава на електронската адреса на Министерството за внатрешни работи, согласно со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Член 3

Во член 9 во ставот 1 точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.“.

Во ставот 2 точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и на профилот на корисникот на  Националниот портал за електронски услуги или преку квалификувана електронска препорачана достава на електронска адреса наведена од подносителот на барањето, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Член 4

Во член 11 во ставот 2 по првата реченица се додава нова реченица, која гласи:

„Решението може да се издаде и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или преку квалификувана електронска препорачана достава на електронска адреса наведена од подносителот на барањето, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Член 5

Подзаконските прописи донесени врз основа на  Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните („Службен весник на Република Македонија” број 36/1992, 12/1993, 43/2000, 66/2007, 51/11, 152/15 и 55/16 и „Службен венсик на Република Северна Македонија“ број 302/20), ќе се усогласат со одредбите од овој закон во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 6

Овој закон престанува да важи со денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2023 година